Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 111/2
21.02. 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 17-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 26.01.2023 година, со почеток во 13.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 16-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година- четврти квартал.
3. Предлог- Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2023 година.
4. Предлог- Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2022 година.
5. Предлог- Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Градско.
6. Предлог- Програма за измена и дополна на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2023 година (број 08- 685/6 од 13.12.2022 година).
7. Предлог- Правилник за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.
8. Предлог- Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2023 година.
9. Разгледувања на барања и поднесоци.
10. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 8 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ (отсутен беше Даниел Мирчов).

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 17-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 16-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 16-та Седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 16-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 16-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година- четврти квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација, беше кажано дека кварталниот извештај ја преставува и завршната сметка на опшптина Градско, податоците од четвртиот квартал се пресликуваат во завршната сметка. Имаме висока реализација. Салдото е 5.700.000,00 денари, требаше да биде повеќе но од страна на Министерство за финансии ни беа

повлечени средства за позајмицата од 2009 година. Во ваква форма се доставува и во Скопје. Реализирано е во целост.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година- четврти квартал.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година- четврти квартал.

*3.Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Паралелно со носењето на Буџетот се носи и Одлуката за извршување на буџетот. Оваа измена и дополнување се прави по насоки кои ги добивме од страна на Министерството за финансии. Измени има во член 14 каде се брише став 2 кој се однесува на регресот, предвидено е долната граница да биде 9.000,00 денари. Исто така има дополнување и во преамбулата каде се додава и Гранскиот колективен договор.

Јованче Стојанов- долната граница е 9.000,00 денари, а колку е максимумот.

Елена Смилкова- нема определено, секој си одредува.

Јованче Стојанов- за наредна година врз основа на што се планира колку ќе изнесува регресот.

Елена Смилкова- во зависност од Буџетот, со одлука од градоначалникот.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2023 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2023 година.

*4.Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2022 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Киро Нацков- се однесува на тоа што е направено минатата година. Заедно со Програмата ги доставуваме до ЈП за државни патишта.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2022 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2022 година.

*5.Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Киро Нацков- оваа програма се носи врз основа на извршениот инспекциски надзор од страна на Инспектор за животна средина. Ни беше сугерирано дека треба да се донесе ваква програма од страна на Советот на општината и потоа да се распише тендер за склучување на договор за заловувања на кучиња. Два пати ги имавме повикано од Ветеринарната станица од Неготино. Направивме јавна набавка, се јави фирма од Куманово. Во контекст на ова да Ве информирам дека утре имаме седница на Вардарски плански регион на која ќе се донесе одлука за правење на стационар за кучиња кој ќе биде во Кавадарци. Треба да се направи пресметка кој општина со колку средства да учествува, ќе се пресметува по број на жители.

Слободан Бошков- општина Велес има склучено договор со Кавадарци, треба да се реализира што побрзо, има многу кучиња што ги оставаат на бензинската.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Градско.

*6.Програма за измена и дополна на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2023 година (број 08-685/6 од 13.12.2022 година).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Киро Нацков- дополнувањето на оваа Програма е во врска со исплатата за секое новороденче, одлучивме да биде 10.000,00 денари. Предлогот беше на Маја на една од предходните седници. Секое барање ќе треба да помине на совет.

Маја Андовска- за поздравување е, први со ваква одлука.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за измена и дополна на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2023 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за измена и дополна на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2023 година.

*7.Правилник за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Киро Нацков- со овој правилник се утврдува која документација треба да ја достават родителите за да го остварат правото на парична помош за новороденче.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување *Правилник за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.*

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за измена и дополна на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Градско за 2023 година.

*8.Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Киро Нацков- се консултирав со свештеното лице што е најдобро, предложи крст како христијански симбол. Земавме златно ланче и крст во вредност од 20.000,00 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2023 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2023 година.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Шефкија Хот за доделување на финансиски средства потребни за операција на колено на неговиот син.

Сеат Сулковиќ- точно е потребна е операција, а родителите не се вработени.

По рагледувањето на барањето со 8 гласа ЗА советниците го усвоија барањето, средствата ќе бидат определени согласно можностите на општината.

б) Барање од Горан Астарџиев, претседател на Пензионерскиот клуб Градско за донирање на клима уред за греење и ладење.

Слободан Бошков- на што се греат до сега.

Цане Будимов- на дрва, сметам дека условите во клубот се добри.

Киро Нацков- сакам да слушнам дали е реално барањето.

Сеат Сулковиќ- реално нема потреба, сметам дека барањето не е реално.

Маја Андовска- кој им ја плаќа струјата.

Киро Нацков- под Велес се, и објектот е на Велес.

По рагледувањето на барањето со 8 гласа ПРОТИВ советниците не го усвоија барањето.

в) Барање од СПЕД „Клепа“ од Росоман за спонзорство за одржување на планинарска акција КЛЕПА 2023 година.

Јованче Стојанов- ние си имаме Планинарско друштво, така ќе треба и ние да бараме од нив. Јас сум против ова барање.

Цане Будимов- зошто поднесуваат.

Слободан Бошков- поради тоа што било на наш терен, после тоа се собираат во Манастирот во Чичево.

Маја Андовска- настанот кој што тие го организираат е сега во Февруари, а ние организираме во Мај и јас лани се снаоѓав сама.

По рагледувањето на барањето со 8 гласа ПРОТИВ советниците не го усвоија барањето.

*10.Разно.*

Боне Спасовски- советникот од предходниот состав, Иванче Иванов бара да се направи патот кон песоците и кај оранжериите (горна лака), да се тампонира или да се стави од гребениот асфалт.

Цане Будимов- зошто не барал да се направи кога бил советник и за патот за Уланци кај тунелот постојано ми вика да се направи.

Тоше Петревски- тој пат кој што бара Иван да се прави мора да помине преку приватна нива бидејќи друг пат нема. И јас го користам истиот пат, ќе биде за џабе правење. Патот кој го користевме покрај Вардар го исцрпија за песок.

Боне Спасовски- горе кај Тоде се прави за атмосферската вода и тоа е добро, но треба да се направи и кај Николов Боби околу 10м. Да се направи да се подигне мàлку кај чешмата за да не се собира кал. Барањето е да се стават каналетки.

Киро Нацков- кога бевме во Виничани од страна на Тоде беше кажано дека има проблем, јавно побара поради тоа беше направено.

Боне Спасовски- кај железничката постојка да се стават сијалици.

Од страна на советникот Боне Спасовски беше поставено прашање, дали се злоупотребува општинската кола.

Киро Нацков- нема никаква злоупотреба, донесовте одлука за укинување на превозот за вработените во училиштето, но се соочивме со проблем. Наставниците што предаваат англиски, физичко, техничко образование ротираат во текот на денот, може да се случи први и втори час да се во Кочилари, а трети и четврти час во Виничани, физички не е можно да стасаат на час од едно на друго место. Распоредот не се прави само за еден и двајца наставници. Имаме распоред како да се движат, службента кола се користи за таа намена. Ако со колата се носел наставник е во ред, но ако е друго лице е катастрофална грешка, имаат наредба никој друг да не качуваат. Имаме сериозен проблем со наставниците. Се случува да немаме превозно средство сите коли да се зафатени. Мислев да Ви предложам да има превоз локално, но ќе испадне дека пак го враќаме превозот.

Слободан Бошков- тоа на вонредната седница го предложивме, да има превоз само од основното до подрачните учулишта но беше кажано дека може тој превоз да се злоупотреби.

Боне Спасовски- рековте за таа година, а сега е нова школска година, но сепак треба да им се овозможи пристојна настава на учениците.

Киро Нацков- ако се согласувате школото да си распише тендер само за тие релации од основното до подрачните училишта.

Боне Спасовски- така ќе биде поскапо.

Слободан Бошков- во врска со точка 7 од дневниот ред за Правилникот за утврдување на критериуми за парична помош за новороденче, во член 4 дали мислите дека е подобро да се направи измена. Може да се случи и двајцата родители да немаат да немаат адреса на живеење, а живеат на територија на општина Градско.

Киро Нацков- барањата ќе се доставуваат до Советот и тука ќе се разгледуваат, мало место сме се знае дали се од општината или не.

Јованче Стојанов- ако се случи да живет тука, а личната карта да им е со друга адреса на живеење.

Киро Нацков- ќе бараат од таа општина.

Сеат Сулковиќ- до каде е постапката со храната за децата до 5 одделение.

Киро Нацков- финансиски средства општината има, но незнаејќи наидов на сериозен проблем, мора да имаме дозвола од Министерство за здравство, има комисија составена од нутриционисти и тие одредуваат што храна да им се дава. Имавме буџет сметав дека преку Совет на родители да се направи мени, но се испостави дека таа храна не е здрава. Чекам да видам како ќе поминат другите општини. И фирма да ангажираме и тие мора да имаат дозвола. Друг проблем е и со просторија каде ќе се дели храната. Треба да почне Кавадарци па да видиме како ќе ја спроведат целата постапка, а има идеја да биде и регионално. Останува да видиме како ќе се одвиваат работите.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 17-та седница во 14.15 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева